**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-443/10**

**Скопје, 13.11.2006 година**

**ДО**
**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 2**
**СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Скопје 2 – Скопје, сметка од редовно работење за 2005 година, кои се прикажани на страните од 15 до 17.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно со член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Основен суд Скопје 2 - Скопје, за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Бојан Ефтимов, претседател на Судот до 18.12.2005 година и
   - Александар Младеновски, ВД претседател на Судот од 18.12 до 31.12.2005 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 15 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 22.05 до 30.06.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

*ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел:211 -262; факс 126-311;*

***Овластен државен ревизор***
_______________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 09 и 12.10.2006 година добиени се забелешки на претходниот извештај на овластениот државен ревизор заведени под број 1204-443/8 и 9 од 9 и 12.10.2006 година. Истите беа разгледани и наодот под точка 10.5.2,10 делумно е прифатен, додека останатите се одбиени како неосновани.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го утврди следното:

***11.1 Неправилна примена на акти:***

11.1.1. Основен суд Скопје 2 - Скопје нема обезбедено документ за сопственост за објектот и земјиштето во кој е сместен Судот за прекршоци, како составен дел на Основен суд Скопје 2, што е спротивно на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи ("Службен весник на Република Македонија" бр.8 од 07 февруари 2005 год, поради неподнесено барање за регулирање на имотно правните односи и правниот статус на објектот и земјиштето каде е сместен Судот. Истото има влијание на реално искажување на недвижните ствари во книгата за недвижните ствари што ги користат државните органи.

Во периодот додека е вршена ревизијата од страна на Судот, превземени се мерки за утврдување на сопственоста на истиот.

11.1.2. Не е назначен одговорен сметководител за водење на деловните книги, сметководствените документи, за обработка на податоците и изработка на годишните извештаи, што е спротивно на член 16 точка 1 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради неупатеност во законската регулатива за начинот на назначување на истиот. Истото има влијание на вршење контрола на трошењето средства согласно овој закон, Законот на буџетите и Законот за извршување на буџетот на Република Македонија за оделната година.

**Препорака:**

Претседателот на Судот да назначи одговорен сметководител, согласно член 16 точка 1 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

11.1.3. Основниот суд Скопје 2 - Скопје нема донесено Правилник за организација на работата, односно не е постапено согласно член 9 од Судскиот деловник и член 77 од Законот за судовите, каде се регулира донесување на истото како работа од делокругот на внатрешното работење на судската управа, поради веќе воспоставениот начин на функционирање на Судот. Истото има влијание на можноста за увид на внатрешната организација на Судот.

**Препораки:**

Да се донесе Правилник за организација на работата на Судот.

11.1.4. Основниот суд Скопје 2 - Скопје нема служба за информатика, како посебна организациона единица, што е спротивно на член 91 од Законот за судовите, поради непредвидени средства за организирање и функционирање на посебна организациона единица која ќе биде составен дел на центарот за информатика на ниво на судската власт. Истото има влијание на функционирање на единствената методолошка и технолошка основа на информациониот систем на ниво на судска власт.

**Препорака:**

Основниот суд Скопје 2 - Скопје да воспостави посебна организациона единица за информатика, а Судскиот буџетски совет да обезбеди средства за поставување и одржување на информациониот систем, согласно член 91 од Законот за судовите.

11.1.5. Не е презентиран соодветен акт кој ги регулира прашањата за исплата на плати и не се изготвени Решенија за плата на вработените - недржавни службеници во Основниот суд Скопје 2 – Скопје, при што ревизијата не беше во можност да го утврди начинот на утврдување на основицата за плата, што е спротивно на член 9 од Судскиот деловник, член 77 од Законот за судовите и Законот за државни службеници, поради веќе воспоставената пракса за пресметка и исплата на плати без постоење на истите. Истото има влијание на можноста да се утврди реалноста и објективноста на исплатата на плати за истите.

**Препорака:**

Основниот суд Скопје 2 - Скопје да го регулира начинот на пресметка и исплата на плати, согласно општите одредби за внатрешното работење на судовите и постоечката законска регулатива.

11.1.6. Претседателот на Судот нема донесено Решенија за именување на вештаци за постојан или за конкретен случај, а списокот на постојани вештаци не е објавен во Службен весник, што е спротивно на член 31 и член 33 од Судскиот деловник (донесен согласно член 78 од Законот за судови), поради неприфаќање на истото од страна Судот, под образложение дека неприменливи се членовите од судскиот деловник (донесен 1997 година), односно именување врши судијата за конкретниот случај, а претседателот само евидентира. Истото влијае на ангажирање вешти лица спротивно на постоечката регулатива.

**Препорака:**

Ангажирање на вешти лица за вештачење во Судот да се врши согласно постоечката регулатива.

11.1.7. Во текот на 2005 година, Судот ангажира судски преведувачи кои не се во Списокот на постојаните судски преведувачи (одобрен од Министерството за правда, објавен во службен весник и истакнат во Судот), што е спротивно на член 47 и член 50 од Судскиот деловник, поради несоодветна примена на законската регулатива. Истото има влијание на ангажирање на преведувачи од редот на вработените кои не се назначени како постојани судски преведувачи.

**Препорака:**

Да се ангажираат судски преведувачи од објавениот Список на постојаните судски преведувачи во Судот.

### *11.2 Неправилна примена на сметководствени политики и начела:*

11.2.1. Основниот суд Скопје 2 - Скопје заклучно со 31.12.2005 година не води задолжителни помошни книги (материјална евиденција) за набавки на средствата за хигиена и набавки на ситниот инвентар, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, поради неприменување на законската регулатива за начинот на водење на деловните книги што укажува дека не е воспоставена контрола на трошењето на истите.

**Препорака:**

Да се водат задолжителните помошни книги (материјална евиденција), согласно Законот и Правилникот за сметководсво на буџетите и буџетските корисници.

11.2.2. Со донесување на одлуката за попис за 2005 година Основен суд Скопје 2 - Скопје нема формирано комисија за попис на побарувањата, обврските и паричните средства, односно нема извршено попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, што е спротивно на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Непочитување на законската регулатива има влијание на утврдување на реалноста на искажување на билансните позиции.

**Препорака:**

Да се врши попис на побарувањата, обврските и паричните средства согласно законските прописи.

11.2.3. Не е изготвен Извештај по извршениот попис на средствата и не е извршено усогласување на состојбата на средствата искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со пописот, што е спротивно на член 33, 34 и 35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради несоодветно извршен физички попис според називите на основните средства и има влијание на утврдување на реалноста на искажување на билансните позиции.

**Препорака:**

Да се изготвува Извештај по извршениот попис и одлука за усвојување на истиот и да се врши усогласување на состојбата на средствата искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со пописот.

11.2.4. Не е извршен физички попис на книгите-стручната литература и основните средства во Судот за прекршоци (кој е составен дел на Основен суд Скопје 2) за кои не постои сигурност дали сите средства се внесени во сметководствената евиденција, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради недоследна примена на законската регулатива и има влијание на можноста за утврдување на вистинската состојба на средствата и усогласување на фактичката со книговодствената вредност на истите.

**Препорака:**

Да се врши физички попис на сите средства со кои располага Судот и да се изврши усогласување со сметководствената евиденција.

11.2.5. Не е воспоставена соодветна организација и контрола на функционирањето на магацинското работење и на материјалната евиденција на набавениот канцелариски материјал и стручна литература, односно истото не е во согласност со одредбите од Законот и Правилникот за сметководство на буџети и буџетски

корисници, поради несоодветно воспоставена пракса на магацинското работење, вршење физички попис и изготвување на документација и има влијание на законското и наменското користење на средствата и уредното водење на сметководствената евиденција и тоа:

- при вршење на физичкиот попис не се попишани сите артикли кои се наоѓаат во магацинот,
- за прием на канцеларискиот материјал не се изготвува приемница, односно истите се евидентираат врз основа на испратница на добавувачот,
- не се вршени контроли на порачките од страна на магационерот и испораките од страна на добавувачите во однос на количината, квалитетот цената и другите барани критериуми при јавната набавка,
- потрошокот на истите не се евидентира хронолошки врз основа на документот требување, туку врз основа на прегледи на издавање на потрошен материјал по месеци на крајот на годината,
- евидентирањето на артиклите во материјалната евиденција не е усогласено со називите по требовањата,
- материјалната евиденција не е целосна, односно не е усогласена со извршените набавки на канцеларискиот материјал,
- пописните листи на канцеларискиот материјал се нереално прикажани, односно не се попишани дел од материјалите, евидентирани како трошок во финансиската евиденција

**Препорака:**

Да се воспостави соодветна организираација и контрола на функционирањето на магацинското работење и материјална евиденција во согласност со законските прописи.

11.2.6. Во делот на материјално финансиското работење со вонбуџетските средства како привремен и редовен депозит на депозитната сметка, ревизијата утврди дека на истата има прилив 31.318 илјади денари, одлив 39.488 илјади денари и салдо од 27.791 илјади денари, што претставува состојба на средствата на депозитите на крајот на годината за што:

- Не е воспоставена евиденција на начин предвиден во делот петти од Судскиот деловник, односно не се водат деловни книги и тоа: дневник, главна книга и помошни книги (аналитичка евиденција), книга за благајната, книга на побарувањата и обврските и книга на изводи на сметката, не се составуваат основни финансиски извештаи: биланс на состојба, биланс на приходи и расходи и не изготвува завршна сметка, поради продолжување на воспоставениот начин на работа со депозитната сметка и непополнето работно место предвидено по систематизацијата. Истото има влијание на утврдување на состојбата и движењата на депозитните средства и нивното наменско користење.

- Не е формирана комисија, односно не е извршен преглед на целокупното работење со средствата на депозитите, не се изготвува преглед на судските депозити и преглед на изречените и исплатените парични казни, трошоци на постапката и пленувањето имотна корист, како прилог на завршната сметка на Судот и не е поведена постапка за застарени депозити, спротивно на членовите 338 и 315 од Судскиот деловник, поради недоследна примена на законската регулатива. Истото има влијание на утврдување на состојбата на депозитните средства кои се нерасчистени од претходни години и нивното наменско користење.

**Препорака:**

Во делот на материјално финансиското работење со вонбуџетските средства како привремен и редовен депозит од депозитната сметка, да се воспостави евиденција на начин предвиден во Судскиот деловник, а претседателот на Судот да формира комисија за преглед на целокупното работење на средствата на депозитите и поведе постапка за застарени депозити.

### *11.3 Неправилности во искажувањето на приходите/расходите*

11.3.1. Во текот на 2005 година, набавени се автобуски билети за позивари, во вкупен износ од 232 илјади денари, кои се евидентирани на ставката Основни плати и надоместоци, наместо на ставката Други тековни расходи, спротивно на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници, поради погрешно воспоставен начин на евиденција и има влијание на реалното искажување на билансните позиции.

**Препорака:**

Да се воспостави соодветна сметководствена евиденција во делот на исплатените средства за надоместок за превоз на вработените позивари над законски определениот, како тековен расход.

11.3.2. Судот во текот на 2005 година врши исплата без фактури на ЈЗО Бардовци за награда на вешти лица врз основа на решение од конкретен судија и трошковник за вештачење на докторите и медицинските лица вработени кај истиот како државен орган, што е во спротивност на одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, поради нерегулирно фактурирање и начинот на кој е утврдена наградата за вештачење со ЈЗО Бардовци, односно исплата само по известувања. Истото влијае да се евидентираат обврски без соодветна документација која е пропишана.

**Препорака:**

Кога вештачењето е доверено на државен орган, исплата на награда за вештачење да се врши врз основа на фактура од државниот орган и со Решение за трошоци за вештачење, изготвено од претседателот на Совет на судии.

11.3.3. Во текот на 2005 година извршени се исплати за вештачење, адвокатски услуги и услуги за преведување во износ од 4.507 илјади денари од две ставки Договорни услуги и Други тековни расходи, што е спротивно на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници и на одредбите од Законот за буџетите, поради предвидени (со буџетот и планот) исплати на расходи за исти намени од две ставки и има влијание на евидентирање на расходи на непостоечки потставки.

**Препорака:**

Да се врши планирање (со предлог буџетот, буџетот и финансискиот план), исплата и евиденција на средствата по ставки и потставки согласно Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисниции и Законот за буџетите.

### *11.4 Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

11.4.1. Позициите Залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и Извори на деловни средства (во делот на Фонд на залихата на материјали, резервни делови

и ситен инвентар) во Билансот на состојба се нереално и необјективно прикажани во вкупен износ од 1.836, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници, поради не евидентирани набавки на материјали (дел од канцелариските материјал, средства за хигиена и други материјали) и ситен инвентар, односно сметководствено искажување на истите само како трошок (на редовната сметка 855 илјади денари и 981 на сметката на приходи наплатени од органи).

**Препорака:**

Сметководството да воспостави евиденција на залихите на материјали и ситен инвентар во Билансот на состојба, а од страна на магационерот да се изготвуваат документи за прием и издавање.

11.4.2. За лекување на лицата кои се во притвор евидентирани се обвски спрема ЈЗО Бардовци во износ од 1.354 илјади денари, без податок во фактурите за кој судски предмет се работи и дали е донесена пресуда, односно дали трошоците ќе продолжат да се фактурираат на Судот, обвинетиот или на Министерство за правда, што е спротивно на член 28 од Правилникот за надоместокот на трошоците за кривична и процесна постапка и постапка за стопански престап и член 88 од Законот за кривична постапка, поради невоспоставена процедура од страна на Судот во врска со исплата на трошоците за лекување на лицата кои се во притвор. Истото има влијание на неплаќање на обврската и исплата на средства што не се расход на Судот.

**Препорака:**

Судот во понатамошното работење да воспостави соодветна процедура во врска со исплата на трошоците за лекување на лицата кои се во притвор по член 28 од Правилникот за надоместокот на трошоците за кривична и процесна постапка и постапка за стопански престап и да изврши разграничување на заостанатиот долг по претходно усогласување со ЈЗО Бардовци и Министерство за правда.

### *11.5 Ненаменско и незаконско користење на средства:*

11.5.1. *Направени расходи спротивно на законските прописи*

11.5..1.1. Заклучно со месец мај 2005 година исплатен е износ од 3.264 илјади денари за правосуден паушал инкорпориран во основните плати на судиите, спротивно на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката и Законот за исплата на плати во Република Македонија, поради постапување по Заклучокот на Владата од 31.03.2003 година, кој го инкорпорира истиот во основни плати-функционери без законски основ и има влијание на зголемување на расходите за плати.

Со донесување на Закон за изменување на законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката и Закон за дополнување на Законот за исплата на плати во Република Македонија е регулирана исплатата на правосуден паушал за судиите.

11.5.2. *Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

11.5.2.1. Со Планот за јавна набавка не се предвидуваат вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки) и услуги, не е

определена динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи. Истиот не е донесен од претседателот на Судот, овластен да одлучува за распоредувањето и користењето на средствата, што е спротивно на член 11 од Законот за јавни набавки, поради незапазување на законската регулатива при изготвување и донесување на истиот. Истото има влијание на утврдување и правилно спроведување на постапките за јавна набавка.

**Препорака:**

Планот за јавна набавка да се донесува во согласност со член 11 од Законот за јавни набавки.

11.5.2.2. За вршење набавки од мала вредност, Основниот суд Скопје 2 нема донесено свој интерен акт со кој се утврдува организациониот облик или лицето кое ќе биде одговорно за собирање на понудите од кандидатите, начинот на собирање на понудите, начинот за извршување на договорот, што е спротивно на член 72 од Законот за јавни набавки, поради непочитување на законската регулатива. Истото има влијание на утврдување и правилно спроведување на постапките.

Во текот на 2006 година истиот е донесен согласно одредбите од Законот за јавни набавки.

11.5.2.3. Набавувачот не води регистар за јавни набавки, што е во спротивно на член 17 од Законот за јавни набавки, поради недоследна примена на законската регулатива. Истото има влијание на можноста за увид и контрола на набавките по предмет и вредност, на бројот на поднесените понуди и нивната вредност и на применетите критериуми при изборот на најповолен понудувач.

**Препорака:**

Да се изготвува регистар за јавни набавки и да се води уредна и комплетна евиденција на предмети кои се однесуваат на конкретна набавка.

11.5.2.4. Во Одлуките за потребите на одделни набавки не е утврден износот на средствата потребни за реализација на набавките, што е спротивно на член 12 од Законот за јавни набавки, поради недоследна примена на законската регулатива. Истото влијае на правилното распоредувањето и користењето на средствата на набавувачот и усогласување на истите со обезбедените средства.

**Препорака:**

При донесување на Одлука за јавна набавка, во истата да биде утврден износот на средствата потребни за реализација на одделните набавки и критериумите за избор на најповолен понудувач, согласно член 12 од Законот за јавни набавки.

11.5.2.5. Основниот суд Скопје 2 во 2004 година има започнато две постапки за набавка на канцелариски материјал кои не се завршени до крајот на годината, односно спроведување на истите е со одредени неправилности, што се спротивни на одредбите на Законот за јавни набавки и тоа:

- Отпочната е постапка за набавка на хартија, печатени материјали и тонери и канцелариски материјали со барање за прибирање на понуди бр.1/2004 без обезбедени финансиски средства и истата не е завршена, што е спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки, поради не извршено разгледување, рангирање на прибраните понуди и не извршен избор на

најповолен понудувач. Истото влијае на наменското трошење на средствата и повторно спроведување на постапка за јавна набавка.

- Отпочната е постапка за набавка на хартија, печатени материјали и тонери со отворен повик бр 1/2004 година, без обезбедени финансиски средства и непредвиден период за реализација на јавната набавка и обврските, што е спротивно на член 10 од Законот за јавни набавки, поради не поднесено ново барање од страна на Судот до Судскиот буџетски совет за добивање потврда за обезбедени финансиски средства со буџетот или финансискиот план. Истото влијае на наменското трошење на средствата и пролонгирање на постапка за јавна набавка и пренесени обврски во 2006 година.

11.5.2.6. Комисијата за јавни набавки ја вршела функцијата на комисија со истечен мандат (на 12.05.2005 година), односно извршила повторна еваулација на полноважните понуди по Отворен повик бр. 1 /2004 и со повторно бодирање, што е спротивно на член 20 од Законот за јавни набавки, поради неизвршен избор на нова комисија за јавна набавка. Истото има влијание донесување на одлука за избор на најповолен понудувач по предлог на комисија со истечен мандат.

11.5.2.7. Спроведувањето на постапката за јавна набавка со отворен повик бр 1/2004 година за набавка на хартија, печатени материјали и тонери продолжена е во 2005 година и тоа со следните неправилности:

- Не е запазен рокот од 15 дена за повторен избор на најповолна понуда, по поништување на решението за избор на најповолна понуда од Комисијата за жалби, што е спротивно на член 96 став 2 од Законот за јавни набавки. Истото има влијание за пролонгирање на постапката за избор на најповолна понуда и вршење на набавка без постапка од други понудувачи до донесување на одлука за избор на најповолна понуда на 27.09.2005 година.

- Судот пристапил кон склучување договор со најповолните понудувачи без согласност за пристапување кон склучување на договор, што е спротивно на член 84 од Законот за јавни набавки, поради неподнесено ново барање до Судскиот буџетски совет за добивање на истото. Истото има влијание на склучување на договори кои се ништовни.

11.5.2.8. Основен суд Скопје 2 како единка корисник на средствата од Буџетот на Република Македонија пристапил кон склучување на договори за набавка на печатени материјали со добавувачот Фикс-2 ДООЕЛ од Пробиштип и за набавка на тонери со добавувачот Еви Интернационал од Скопје, спротивно на ставовите 3,4 и 5 од член 84 од Законот за јавни набавки, по кој истите се сметаат за ништовни, поради пристапување кон склучување договор без Судот да ги извести понудувачите за недобиената согласност за склучување на договор, а истите не побарале доказ за согласност за пристапување кон склучување на договор. Истото влијае на вршење на зголемени набавки.

**Препорака:**

Да се превземат мерки по Член 89 од Законот за јавни набавки и прогласување на договорите со Фикс-2 ДООЕЛ од Пробиштип и Еви Интернационал од Скопје за ништовни пред надлежниот суд.

11.5.2.9. Во текот на 2005 година извршени се набавки на канцелариски материјали кои го надминуваат износот утврден со планот за Јавни набавки за износ од 3.099 илјади денари, што е спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки, поради несоодветно спроведени постапки за јавна набавка. Истото има влијание на превземање обврски без обезбедени финансиски средства.

11.5.2.10. Во текот на 2005 година извршени се набавки од други добавувачи кои не се избрани како најповолни понудувачи по отворениот повик бр.1/2004 година и тоа набавки по повисоки цени, што е спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки, поради непочитување на одлуката за избор на најповолен понудувач. Поради тоа исплатени се повеќе средства и тоа за:

- набавка на фотокопир хартија која не е вршена од избраниот најповолен понудувач по Отворен повик бр.1/2004 година, Воќаркооп Комерц, Павле и Др ДОО Скопје, туку од Фикс-2 ДООЕЛ Пробиштип и исплатен е износ од 555 илјади денари од кои 156 илјади денари од сметката за редовно работење. Со набавката на 2045 пак. фотокопир хартија по цена од 271 денар која е зголемена за 76,7 денари во однос на понудената (195 денари), на Судот му е нанесена материјална штета за износ од 157 илјади денари.

- набавка  на дел од понудените печатени обрасци од повеќе добавувачи (Академик Димко од Скопје, Дуник ДООЕЛ од Скопје и Алком ДООЕЛ од Скопје), по цени кои се зголемени во однос на понудените, а на Судот му е нанесена материјална штета која ревизијата не беше во можност да ја утврди, поради незвршено усогласување на називите на артиклите во материјалната евиденција со називите во понудите.

11.5.2.11. Во текот на 2005 година вршени се набавки без постапка за јавна набавка во вкупен износ од 7.408 илјади денари од кои 3.041 илјада денари се исплатени од сметката за редовно работење, поради незапазување на законската регулатива. Истото влијае на вршење на несоодветни набавки. (Прилогот број 1 на овој извештај) и тоа за:

- набавка на печатени материјали и тонери од други добавувачи кои не се избрани како најповолни понудувачи и

- набавка на канцелариски материјали, печатење и укоричување на уписници и печатени материјали и разни книги, набавки на разни видови на тонери за принтерии и копир електро, водоинсталатерски, други материјали, ситен инвентар и средства за хигиена кои не се опфатени со Отворениот повик бр.1/2004,

*Неспроведувањата на постапки за јавни набавки, како и несоодветно спроведените постапки создаваат можност за измами, грешки, злоупотреба, корупција и набавки по зголемени цени.*

**Препорака:**

Набавките да се вршат согласно Законот за јавни набавки.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1 до 10.4, финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Основен суд Скопје 2 - Скопје на ден 31 Декември 2005 и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1 до 10.5. кај  Основен суд Скопје 2 – Скопје, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

***14. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Основен суд Скопје 2 - Скопје во текот на ревизијата, а се однесуваат на:***

*14.1. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

14.1.1. Во текот на ревизијата пуштен е налог за сторно на пресметаната амортизација на набавените материјални средства-книги во библиотека (од 2004 и 2005 година) во вкупен износ од 146 илјади денари за кои не се врши амортизација, со што извршено е реално искажување на позициите Материјални средства (во делот на Акумулирана амортизација-исправка на вредноста на материјалните средства) и Извори на деловни средства (во делот на Државен-јавен капитал) во Билансот на состојба, односно постапено е согласно Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници

14.1.2. Во текот на ревизијата пуштен е налог за докнижување на неевидентирани набавените материјални средства-книги во библиотека во вкупен износ од 38 илјади, со што извршено е реалното искажување на позициите Материјални средства и Извори на деловни средства (во делот на Државен-јавен капитал) во Билансот на состојба, односно постапено е согласно член 24 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

14.1.3. Во текот на ревизијата беше презентирано Решение од Министерство за правда бр. 07-620/1 од 28.02.2000 година за предавање на зградата во која е сместен Основниот суд Скопје 2 во негово владение и за утврдување на точната вредност на градежниот објект, која заклучно со 31.12.2005 година била евидентирана врз основа на проценета вредност во полиса за осигурување, поради недоставен документ за спроведување во сметководствената евиденција, а службата за сметководство изврши евиденцијата на зградата според вредноста утврдена во Решението и реално ги искажа позициите Материјални средства и Извори на деловни средства во Билансот на состојба за износ од 46.692 илјади денари, односно постапено е согласно одредбите од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници.

***15. Известување за преземени мерки од страна на Основниот суд Скопје 2 - Скопје по основ на препораките и мерките на ревизијата по Конечниот извештај за 2003 година и тоа:***

15.1. Со донесување на Законот за буџетите од страна на Судскиот буџетски совет назначен еден е независен внатрешен ревизор на ниво на Судска власт, односно делумно е постапено е по препораките за точка 10.1. од Конечниот извештај.

15.2. За вештите лица ангажирани за вештачење се води аналитичка евиденција, согласно одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, односно постапено е по препораките за точка 10.6. од Конечниот извештај.

15.3. Не се вршат исплати за вештачење, како лични надоместоци на докторите и медицинските лица вработени во Институт за судска медицина и криминалистика и исплата на персонален данок, односно исплатите за вештачење од државни органи се вршат согласно член 234 и 240 од Законот за кривична постапка, односно постапено е по препораките за точка 10.6. од Конечниот извештај.

15.4. Со донесенување на Закон за изменување на законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката и Закон за дополнување на Законот за исплата на плати во Република Македонија во мај 2005 година не се врши исплата за правосуден паушал на судиите и е инкорпорира во основни плати-функционери, односно постапено е по препораките за точка 10.10. од Конечниот извештај.

15.5. Основен Суд Скопје 2 - Скопје има воспоставено делумано материјална евиденција како задолжителни помошни книги и тоа за основните средства и за канцеларискиот материјал, односно делумно е постапено по препораките за точка 10.19. од Конечниот извештај.

15.6. Основниот суд Скопје 2 - Скопје има обезбедено документ за сопственост и извршено попис, но при изготвувањето на годишната сметка нецелосно е проценета и искажана вредноста на недвижниот имот само на градежниот објект-зграда, но не и за земјиштето и објектите од Судот за прекршоци, односно делумно е постапено по препораките за точка 10.20. од Конечниот извештај.

15.7. Извршена е корекција на пресметаната амортизација на бесплатно добиена комјутерска опрема и како основица за амортизација се зема ревалоризирана набавна вредност, согласно Правилникот за Сметководството за буџетите и буџетските корисници, односно постапено е по препораките за точка 10.20, алинеа 3 и 6 од Конечниот извештај.

15.8. Извршена е корекција на позициите Материјални средства (во делот на Опремата) и Извори на деловни средства (во делот на Деловниот фонд) во Билансот на состојба за износ од 74 илјади денари, односно зголемена е набавната вредност на евидентираните бесплатно добиени печатари, односно постапено е по препораките за точка 10.24. од Конечниот извештај.

15.9. Извршена е евидентирање на книги во библиотека на позициите Материјални средства (во делот на Други материјални добра) и Извори на деловни средства (во делот на Деловниот фонд) во Билансот на состојба за износ од 46 илјади денари, односно постапено е по препораките за точка 10.27. од Конечниот извештај.

15.10. Извршена е корекција на несоодветна евиденција на набавениот апликативен софтвер на позициите Нематеријални вложувања и Деловен фонд во Билансот на Состојба за износ од 61 илјада денари, односно постапено е по препораките за точка 10.28. од Конечниот извештај.

15.11. Воспоставена е аналитичка евиденција на побарувањата и обврските во согласност со одредбите на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, односно постапено е по препораките за точка 10.32. од Конечниот извештај.

15.12. Воспоставена е евиденција на неисплатените обврски на крајот на годината, односно се врши евидентирање на обврските за пренос во наредната година на ставките Активни временски разграничувања и Обврски спрема добавувачите, согласно членовите 22 и 7 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, односно постапено е по препораките за точка 10.33. од Конечниот извештај.

15.13. На Решенијата од претседателите на Советот на судиите за исплата на трошоци за вештачење по кривични предмети и од истражен судија за предмети во истражна постапка, се наведуваат дати кога се донесени решенијата, односно постапено е по препораките за точка 10.37. од Конечниот извештај.

**16. Ревизијата е на мислење дека треба да се обелодени следното:**

16.1. Не постои усогласеност на подзаконските акти кои се донесуваат од страна на Министерство за труд и социјална политика со законската регулатива, односно исплатата на плати се врши врз основа на добиено известување од Министерството за труд и социјална политика каде е утврдено поголемо право од месечно право за исплата на нето плати утврдено за месец јуни 2002 година со што не се постапува по член 3 Законот за исплата на плати во Република Македонија.

16.2. Во 2005 година во Основниот суд Скопје 2 - Скопје 65 работни места се непополнети по Систематизацијата, донесена согласно критериуми утврдени од Министерот за правда (член 98 од Законот за судовите) и тоа од групите: Стручни државни службеници, стручни административни државни службеници и вработени кои вршат административно технички и помошни работи, со што се доведува во прашање функционирање на Судот и завршување на зголемениот обем на работата од 45.940 предмети во однос на 2004 година и применување на законска одредба во член 93 од Законот за судови во врска со пополнување на вработените.

За извршување на работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос Основен суд Скопје 2 - Скопје има доставено информација за потреба од нови вработувања на испразнети работни места, за кои во текот на 2005 година нема добиено согласност од Министерство за финансии преку Судски буџетски совет за нови вработувања и влијае на незаконско ангажирање на лица по договор за дело.

Од друга страна, со буџетот на Судот предвидени се финансиски средства и дадена е согласност за исплата на име надоместоци по договори за дело (за плата, храна и превоз) во износ од 1.747 илјади денари за вршење на административни работи и одржување на хигиена во Судот, спротивно на Законот за работни односи и Законот за облигациони односи, поради потребата од пополнување непополнети работни места за извршување на работи предвидени со Правилникот за систематизација и влијание на законската исплата на средствата од страна на Судот.

Со склучување на договори за дело за работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, лицата ангажирани на овој начин, согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност го губат статусот на осигурени лица како невработени лица кои се пријавуваат во Агенцијата за вработување, со што не им се обезбедени никакви права од работен однос, меѓу кои и правото од задолжително здравствено осигурување.

16.3. Со вработувањето на судските полицајци преку Министерство за правда не се склучени договори за работа кои се регулирани во одредбите од Законот за работни односи. Остварувањето на правата на судската полиција во однос на исплата на платите и другите надоместоци се регулира со одредбите од Законот за судовите, Законот за работни односи и Колективниот договор при што:

- Платите за судската полиција се исплатуваат преку Судот, бидејќи судската полиција е вклучена во систематизацијата на истиот. Ревизијата не може да се увери дали исплатата на платите на судската полиција се врши во согласност со член 108 од Законот за судовите, односно дали е за 20% повисока од платите на работниците со соодветни квалификации утврдени со општ акт, поради тоа што не постои акт за начинот на утврдување на основицата на недржавните службеници која е унифицирана за вработените со иста квалификациона структура.

- Во текот на 2005 година, исплаќани се додатоци за судската полиција и тоа за работа ноќе инкорпорирани во основната плата со придонеси од плата, како и за прекувремена работа која не е инкорпорирана во основната плата а се плаќа персонален данок, до месец 10/2005 година, односно до добивање на Известувањето од страна на Судски буџетски совет во врска со платите дека не се предвидени средства за исплати на дополнителни законски основи на платите на судската полиција, освен 20% зголемена плата.

- Со одредбите од  Законот за работни односи и Колективниот договор е регулирана контрола на остварување на правата и обврските од работен однос, односно примената на колективните договори, како и решавање на спорови и арбитража за истото.

16.4. Во текот на 2005 година, во Основен суд Скопје 2, на работното место раководен државен службеник-раководител на сектор-Секретар на Судот, ангажирано е вработено лице како Вршител на должност Секретар на Судот, на кое му се исплатува плата за звање стручен соработник, поради не е добиен одговор на доставено барање од 29.09.2005 година до Судски буџетски совет за согласност за вработување, на место кое е празно согласно Правилникот за систематизација на работните места.

16.5. .Од жиро сметката на Судот се одземаат средства по извршно решение, без да се знае кој дал налог до НБРМ за надомест на штета за неоправдана осуда и за неосновано и незаконско лишување од слобода, а за истите нема предвидено средства за исплата, поради тоа што буџетот на ниво на судска власт, преку Судскиот буџет како раздел во Буџетот на РМ нема ставка за исплата на ваков вид непредвидени трошоци, а со тоа и Судот како единка корисник. За истото предвидени се средства како посебна ставката во буџетот на Министерство за правда.

**Скопје, 10.11.2006 година** **Овластен државен ревизор,**

**Основен суд Скопје 2 Скопје**
**Сметка од редовно работење**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

| | | | во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образлож** | **2005** | **2004** |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | | 123,538 | 119,479 |
| **Вкупно приходи** | | **123,538** | **119,479** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | | 97,391 | 94,464 |
| Резерви и недефинирани расходи | | 14 | 147 |
| Стоки и услуги | | 25,910 | 24,695 |
| Субвенции и трансфери | | 223 | 173 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **123,538** | **119,479** |
| **Вкупно расходи** | | **123,538** | **119,479** |

**Основен суд Скопје 2 Скопје**
**Сметка од редовно работење**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | | 19,585 | 15,965 |
| Залихи | | 2,386 | 4,005 |
| **Вкупно тековни средства** | | **21,971** | **19,970** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | | 25 | 37 |
| Материјални средства | | 260,586 | 222,625 |
| **Вкупно постојани средства** | | **260,611** | **222,662** |
| **Вкупна актива** | | **282,582** | **242,632** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | | 10,936 | 9,098 |
| Краткорочни финансиски обврски | | 235 | 229 |
| Обврски спрема државата и други институции | | 33 | 34 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | | 8,381 | 6,604 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **19,585** | **15,965** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | | 262,997 | 226,667 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **262,997** | **226,667** |
| **Вкупна пасива** | | **282,582** | **242,632** |

**Основен суд Скопје 2 Скопје**
**Сметка од редовно работење**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **222,662** | **4,005** | **226,667** |
| **Зголемување по основ на:** | **54,841** | **9,003** | **63,844** |
| Набавки | 173 | 9,003 | 9,176 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | - | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - | **-** |
| **Спроведени корекции во текот на ревизијата** | **54,668** | **-** | **54,668** |
| **Намалување по основ на:** | **16,892** | **10,622** | **27,514** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Потрошок на материјали | - | 10,622 | 10,622 |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | - | **-** |
| Амортизација | 9,100 | - | 9,100 |
| **Спроведени корекции во текот на ревизијата** | **7,792** | **-** | **7,792** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **260,611** | **2,386** | **262,997** |